ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

**Број:** 04-883/10
**Датум:** 26.10.2020

Врз основа на член 9 став (1) точка 12 од Закон за државната ревизија („Службен весник на Република Македонија" бр. 66/2010, 145/2010, 12/2014, 43/2014, 154/15, 192/15, 27/2016 и 83/18) и член 73 од Колективниот договор на ниво на Државниот завод за ревизија (бр. 01-403/1 од 15.04.2015, бр. 01-290/1 од 19.04.2017 година и бр. 01-837/1 од 12.11.2018 година) а во врска со Извештај од спроведена селекција за унапредување на државни ревизори во Државен завод за ревизија заведена под број 04-883/8 од 26.10.2020 година, со предлог на избор на кандидат за работно место по Интерен оглас за унапредување заведен под број 04-883/2 од 09.10.2020 година и објавен истиот ден, доставен од Комисијата за селекција за унапредување формирана со решение заведено под број 03-883/6 од 15.10.2020 година, на ден 26.10.2020 година, Главниот државен ревизор донесе:

## ОДЛУКА
### избор на кандидат за унапредување на работно место ревизор за ревизија на субјекти од областа на здравството

1. По спроведената постапка со интерен оглас за унапредување на еден кандидат на работно место ревизор за ревизија на субјекти од областа на здравството, заверен во Државниот завод за ревизија под број 04-883/2 од 09.10.2020 година, и објавен истиот ден, се избира кандидатот **Исамедин Мурати.**
2. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и истата се објавува на интернет страницата на Државниот завод за ревизија и на огласната табла на Државниот завод за ревизија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Во врска со член 69 став (3) и став (4) од Колективниот договор на ниво на Државниот завод за ревизија (бр. 01-403/1 од 15.04.2015, бр.01-290/1 од 19.04.2017 година и бр.01-837/1 од 12.11.2018 година) а во врска со Годишниот план за вработување за 2020 година на Државниот завод за ревизија бр.01-735/1 од 30.12.2019 година, за кој е добиена претходна согласност од Министерство за финансии бр.08-112/7-2 и претходна согласност од Министерство за информатичко општество и администрација бр.12/6-346/2 од 15.01.2020 година, и Известување за обезбедени финансиски средства за унапредување од Министерство за финансии бр.18-609/2 од 14.01.2020 година, дадена по барање согласност за унапредување на Државниот завод за ревизија бр.04-44/1 од 13.01.2020 година, објавен е интерен оглас за унапредување на еден кандидат на работно место ревизор за ревизија на субјекти од областа на здравството, заверен во Државниот завод за ревизија под број 04-883/2 од 09.10.2020 година, и објавен е истиот ден.

ул. Павел Шатев бр.2, Палата „Емануел Чучков", 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Pallata„Emanuel Çuçkov", rr. Pavel Shatev nr.2, 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
Pavel Shatev St 2, Palata Emanuel Cuckov, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
T: +38923211262 www.dzr.mk dzr@dzr.gov.mk
INTERCERT system certification ISO 9001: 2015 CERTIFIED

Со оглед дека, согласно Извештај од спроведената постапка за селекција за унапредување на државни ревизори во Државен завод за ревизија одржана на 22.10.2020 година, заведена под број 04-883/8 од 26.10.2020 година, за работното место за кое е објавен интерниот оглас, конкурирале два кандидати од кои, кандидатот, вработениот Љирим Емини иако уредно известен не се појавил на интервјуто, додека кандидатот, вработениот Исамедин Мурати ги дал потребните одговори на поставените прашања потребните одговори на поставените прашања на интервјуто наменети за кандидатите, членовите на комисијата за селекција за унапредување формирана со решение заведено под број 03-883/6 од 15.10.2020 година, едногласно му предлага на главниот државен ревизор да донесе одлука за невршење избор на кандидат на наведеното работно место.

Во согласност со член 73 од Колективниот договор на ниво на Државниот завод за ревизија, врз основа на поднесениот Извештај од спроведена постапка за селекција за унапредување на државни ревизори во Државен завод за ревизија, работодавачот односно главниот државен ревизор е должен да донесе Одлука за избор во рок од три дена, главниот државен ревизор одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука незадоволните кандидати имаат право да поднесат жалба до Агенцијата за администрација – Комисија за одлучување по жалби и приговори на административни службеници во Втор степен, во рок од 8 (осум) дена сметано од денот на доставување на Одлуката до кандидатите и објава на веб страната на Државниот завод за ревизија .

**Главен државен ревизор,**

**м-р Максим Ацевски**

Изработил: м-р Александар Поповски